Бр 0302-77/1
09.02 2012 год
СКОПЈЕ

**ОД: ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ**
**ул. Битпазарска бр.12**

**ДО: Влада на Република Македонија**
**За соработник за регулаторна реформа Инес Лаличич**

**ПРЕДМЕТ: Достава на мислење за комуналните такси за фирма**

Имајќи ја во предвид светската економска криза која се рефлектира и на нашето стопанство а посебно на занаетчиството и малото стопанство,што покажуваат секојдневните информации за блокирани сметки за неплатени даноци и придонеси од плата за вработените,неплатени комунални такси за фирма што е реален показател дека е потребно да се реагира и да се создадат поволни услови и клима за стопанството и од страна на локалната самоуправа и Градот Скопје.

При донесување на одлуката на Советот на Град Скопје имајќи ги во предвид одредбите од од Законот за комунални такси Тарифен број 1 законодавецот дал можност да се одреди такса за фирма од 1.300 до 2.700 за физички лица кои вршат дејност и од 350 до 700 денари за оние кои данокот го плаќаат паушално,а за правните лица од 4.000 до 8.000 денари.

Советот на град Скопје за сите комунални такси за фирма според статусот на субјектот го утврдил највисокиот износ,и тоа според Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на комуналните такси во град Скопје(Сл.Гласник на Г.Скопје бр.6 од 12 април 2010 год.)што сметаме дека не е во ред и дека и Советот на Град Скопје треба да даде допринос за поволни услови и клима за развој на стопанството или спречување на последиците од еконмската криза инаку во спротивно ќе се затворат голем број на фирми и тогаш не ќе има можност од кого да се наплати комуналната такса.

- **По однос на прашањето за висината на комуналните такси во Град Скопје го предлагаме следното:**

**За фирма односно назив на:**

**А) деловни простории на физ.лица кои вршат дејност - за занаетчии 1500,00 денари**

**Б) деловни простории кои вршат дејност и се паушално оданочени - 350,00 денари**

**В) Деловни простории на ТД и други правни лица од областа на производство, промет и услуги - 5.000,00 ден.**

Од досегашното искуство при изготвување на жалби најчесто стопанствениците реагираа што не ги добиваат решенијата за комунална такса за фирма или пак добиваат решенија за комунална такса со многу повисок износ од фактичката состојба.

Во однос на деловните единици во Одлуката за височината на комуналните такси во Град Скопје Тарифен број 1 како и во Законот за комунални такси не предвидена висина на комунална такса за деловни единици кај физички лица, а се наплаќа комунална такса за деловна единица кај правни лица или трговски друштва која изнесува 2.000 денари што е во спротивност и со Одлуката и со Законот за комунални такси.

На најголем број на занаетчии им се доставени решенија со повисок износ за плаќање,на голем број на стопанственици на кои им се блокирани жиро сметките врз основа на извршни решенија имаме случаи за кои стопанските субјекти не примиле решение, незнаат колкава висина на комунална такса им е определена и немале можност да ги обжалат решенијата ,што значи не е запазена правната постапка за да едно решение стане правосилно.

**Во однос на деловните единици во Одлуката за височината на комуналните такси во Град Скопје Тарифен број 1 како и во Законот за комунални такси не е предвидена висина на комунална такса за деловни единици кај физички лица, а се наплаќа комунална такса утврдена за деловна единица на физички лица како за правни лица - трговски друштва, која изнесува 2.000 денари што е во спротивност и со Одлуката за изменување и дополнување на височината на комуналните такси на Град Скопје(сл.гл.на Град Скопје бр.6/2010 за)и Одлуката за височината на комуналните такси на Град Скопје(Сл.гл.на Град Скопје бр.7/2005) и со Законот за комунални такси во кои не е предвидена такса за деловни единици за физички лица(занаетчии и трговци поединци).**

**Иако реагиравме со допис до Советот на Град Скопје со барање да се измени одлуката во тој дел бидејќи занаетчиите не се предвидени за наплаќање на комунална такса на деловни единици во Одлуката за комунална такса од 12 април 2010 година е наведено следново:**

тарифен број 1

точка в) Деловни простории на трговските друштва и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите 7.000,00 денари

- продавници, киосци, деловни единици и слично на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, 2000,00 ден.

**Од погоренаведеното произлегува дека Градот Скопје нема основ да наплаќа комунална такса за деловни единици на физичките лица кои вршат дејност, затоа што плаќањето на комуналната такса за деловни единици за физичко лице-занаетчија кое врши дејност не е предвидено во Законот за комунални такси (Сл.Весник на РМ бр.61/04, 64/05 и 92/07) и во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на комуналните тасаи (Службен гласник на Град Скопје од 12 април 2010 година)и Одлуката за висината на комуналните такси на Град Скопје(Сл.гл.на Град Скопје бр.7/2005).**

Исто така сметаме дека нема основ наплата на камата за кај стопанствениците што немаат примено решение за комунална такса.Бидејќи решенијата за комунална такса не биле доставувани бараме Град Скопје да ја бара основицата без камата,бидејќи Градот Скопје нема доказ за уредна достава дека ги доставил решенијата за комунална такса согласно член 11 од Законот за комунални такси.

Се надеваме дека нашите предлози ќе бидат прифатени

Ви Благодариме

Занаетчиска комора Скопје
Извршен директор
Денковска Снежана

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ СКОПЈЕ